РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА
REPUBLIC OF MACEDONIA
MINISTRY OF LABOR AND SOCIAL POLICY

од работен состанок на
членовите на Националното координативно тело за имплементација на
Стратегијата за Ромите во Република Северна Македонија
одржан на 02 април 2019 година

Присутни:

Александра Бојаџиева, Совет за Регионална соработка, Мабера Камбери / Нахида Зекирова/ Елвис Мемети/ Беким Мехмед – Министерство за труд и социјална политика (МТСП), Антун Беламариќ / Зурија Мемедова/ Мерсиха Усеин/Сенада Ламовска - Кабинет на Министер без ресор, Национален координатор за имплементација на Стратегија на Ромите, Кирил Ангелов - Секретаријат за европски прашања (СЕП), Ферди Исмаили – (НВО Сонце Тетово), Алберт Мемети - (НВО Ромалитико), Сузана Камческа – Министерство за транспорт и врски (МТВ), Александар Димоски - Министерство за Култура (МК), Вељка Јуран – Агенција за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ), Хамди Демири - Министерство за внатрешни работи (МВР), Менфи Илјаз –Управа за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во РСМ), Сенад Мемеди – Министерство за здравство (МЗ),

**Дневен ред**

1. Презентација на наодите/разгледување на структурата и функционалноста на НКТ, РИЦи и здравствените медијатори
2. Подготовка на ‘‘Патека‘‘ за Македонија, во рамки на проектот
3. Иницирање на циклусот на подготовка на Извештајот за 2018 година и краток преглед на реализираните активности во ресорните министерства во рамки на Стратегијта за Роми, во период јануари-март 2019 година
4. Дискусија по однос на други прашања

По презентирањето и прифаќањето на точките од дневниот ред предвидени за работната средба од страна на присутните средбата започна со работа по предвидениот тек.

Од страна на претставникот на проектот Интеграција на Ромите 2020, на состанокот се презентираа наодите и препораките од одржаната работилница во рамки на проектот која имаше за цел разгледување на структурата и функционалноста на НКТ, РИЦи и здравствените медијатори.

Се разгледаа и препораките од работилницата за пристапување кон подготовка на нов (ажуриран), ТоР (Опис на надлежности) на Националното координативно тело.

Исто така се разгледа драфт деловникот за работа на Националното координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Ромите во Република Северна Македонија 2014-2020, по однос на забелешките и се презентираа основните насоки за негово усогласување и финализирање.

Потенцирани се неколку прашања во насока на поефикасно и поефективно функцинирање на Националното координативно тело.

Потребно е да се усогласи дефиницијата на НКТ со Одлуката донесена на Влада при реформирањето во согласност со Стратегијата за Роми 2014-2020 (посебно во согласност со ревидирањето на Стратегијата).

Во деловникот за работа на НКТ, потребно е да се дополни кој одлучува, јасно да бидат дефинирани институциите/членови задолжени и членови кои би биле придружни. Јасно да бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во НКТ на МТСП и КМБР (претседател – претставник од МТСП, заменик претставник од КМБР, секретар/администратор од одделението за спроведување на Стратегијата за Роми. На три месеци да се свикува состанок на НКТ и записникот од секој состанок да биде доставен 10 дена пред наредниот состанок до членовите. Исто така да биде дефинирано на кој начин се именуваат членовите посебно од НВОи.

Предложено е да се наведат членови кои би имале статус на набљудувачи (пр. ОБСЕ , ЕУ, претставници од проектот Интеграција на Ромите 2020, и др.).

Дадена е препорака во деловникот да биде прикажан начинот на избор на членовите од НВОи (покривање на приоритетните области) и да се разгледа можноста за вклучување и ЗЕЛС на одредени состаноци.

Предлог членовите на НКТ да бидат на повисоко ниво заради спроведување на одлуките и да се бара секој член да биде со овластување за добивање на надлежност за спроведување и координирање на активности согласно Стратегијата за Роми 2014-2020.

Од страна на КМБР на Влада да се покрене прашањето за систематизација на здравствените медијатори во насока на задолжување на МЗ.

Се информира дека ќе биде спроведена обука за користење на прирачникот за буџетирање (презентацијата ќе биде реализирана од страна на КМБР).

Како позначајна точка и како следење на претходните состаноци се издвои и се дискутира подготовката на ‘‘Патека‘‘ за Македонија во рамките на проектот, со фокус на две клучни области - вработувањето и домувањто (подетални информации ќе бидат доставени дополнително електронски).

Во рамки на иницирање на циклусот и подготовка на Извештајот за 2018 година, се информира дека во тек се прибирање на податоците и објавен е повик за ангажирање на експерт кој ќе работи на подготовката на извештајот за реализираните активности од сите релевантни институции.

Претставниците од ресорните министерства информираа за активностите во рамки на Стратегијата за Роми, реализирани во период јануари – март 2019 година.

Во рамки на проектот за Социјално мапирање се информира за одржаната презентација на нацрт верзијата на наодите од истражувањето и интерактивната мапа, кое е спроведено во 14 општини.

Дадена е информација по однос на акцијата за регистрирање на лицата неевидентирани во Матична книга на родени. Се подготвува нов нацрт Закон за регистрирање и регулирање на привремен статус на лицата без документи за лична идентификација, за оние 700 лица идентификувани во посебен регистер, преку кој ќе можат овие лица да го остварат правото на социјална заштита, вработување, здравство и образование, кој би требало да биде финализиран до крајот на мај 2019 година.

По однос на заклучоците од последниот Работен состанок за социјална инклузија на Роми во РСМ, се дискутираше дека е потребно да се информира подетално по однос на реализираните мерки и активности во рамки на АП и да се ажурира планот по однос на реализираните мерки.

Заклучоци:

1. Согласно препораките да се финализира Деловникот за работа на НКТ и да подготви нов (ажуриран), ТоР (Опис на надлежности) на Националното координативно тело;
2. Од страна на КМБР на Влада да се покрене прашањето за систематизација на здравствените медијатори во насока на задолжување на МЗ.

Изработил:

Нахида Зекирова

Одделение за имплементација на Стратегијата за Роми